Билтен #1

# ПРОЕКТ RIDE AND SMILE

## Што е RIDE AND SMILE?

RIDE AND SMILE е проект кој се стреми да го промовира користењето на велосипед во училиштата и тоа да се направи преку мотивирање за возење велосипед пред се, но исто и преку игри, забавни и едукативни активности исто така, се со цел да се потенцира велосипедот како одговорен и ефективен начин за транспорт. И исто така, овој проект има и своја историја!

RIDE AND SMILE е третиот дел од трилогијата на проекти; прво SMILE, потоа Smile and Play, како проекти кои претходеа на RIDE AND SMILE.

Во SMILE, целта беше да се промовираат одржливи урбани принципи на мобилност кај учениците и секако, користењето на велосипед како ефективен начин на транспорт, и партнерите (од Литванија, Македонија, Грција, Белгија, и Италија - ReBike ALTERmobility како координатор) развија иновативен дидактички формат каде Англискиот јазик и одржливоста беа предавани во основните училишта преку неформални едукативни методи, притоа креирајќи динамична и игрива околина на образување со цел да се направат самите лекции поприривлечни. Во срцевината на проектот беше велосипедот, како една моќна алатка и ефективен начин за транспорт.

Во втората фаза од трилогијата, Smile and Play, партнери од 3 земји (Литванија, Италија, и Македонија - Еко Логик како координатор) се сплотија во партнерство со цел да креираат интересна друштвена игра која го промовира велосипедизмот преку изучување на Англиски јазик како странски јазик. Концептот на гејмификација (учење преку игра) беше исполнет на еден активен начин, преку забавни визуелни прикази од секојдневни локации и активности претставени на платформа за друштвена игра, квиз прашања, и мисии - и тоа со фокус на велосипедизмот.

Затоа, во овој контекст, за RIDE AND SMILE како трета фаза продолжение на трилогијата, партнерски земји од 5 ЕУ земји (Италија - ReBike ALTERmobility како координатори, со Bike to School, и istituto Comprensivo Simonetta Salacone исто од Италија, потоа Белгија - Eurogeo VZW, Македонија - Еко Логик, и основно училиште "Ј.Х.Песталоци" исто од Македонија, Скопје, потоа Романија - Scoala Gimnaziala Dr.

Balasi Jozsef, и Австрија - Paris-Lodron-Universitat Salzburg) се сплотија за да работат на интересни и одлични идеи за да ги мотивираат децата да користат велосипед што е можно почесто, но и да работат на своите дигитални вештини за поголема и позначајна цел, додека истовремено го збогатуваат своето образование на различни начини со кои се допринесува кон животната средина, и се подобрува нивното здравје, но и се покрева свеста за животната средина генерално.






## Што правиме сега - тековно...

По пуштање во употреба на официјалниот вебсајт на проектот, во изработка е и интерактивна платформа, Interactive Learning Platform која ќе биде одличен начин за учениците да развијат многу вештини и способности; комуницирање на странски јазик, општествени и социјални вештини, подобрување на дигиталните вештини, и потенцирање на фокусот за темите како климатска акција, велосипедизам, за да се покрене свеста за животната средина.

RIDE & SMILE

Ваква интерактивна платформа ќе потенцира фокус на важноста на предизвикот Bike to School Challenge низ Европа, и ќе ги мотивира учениците да соберат поени за извозените километри, но и да се искажат во врска со предлози или грижи кога станува збор за нивните домови или соседства - одговорен активизам за придобивки започнува со младите.

ISTITUTO COMPRENSIVO "SIMONETTA SALACONE" di Roma
PARIS LODRON UNIVERSITY SALZBURG
ООУ Јохан Хајнрих Песталоци
Erasmus+

## Што следува?

Се трудиме да сме оптимисти кога станува збор за патување, и имплементација на следната фаза; тренинг за наставници во Романија. Наставниците би добиле можност да соберат информации и да работат на едукативни материјали кои би следувале во меѓувреме за следната фаза на проектот, на пример работење на едукативни материјали и се што е поврзано со нивните ученици кои би возеле велосипед до училиште. Секако, и со можните пречки за патување, ние сме подготвени да најдеме начин за позитивни резултати, и непречена работа и продуктивност.

## ...и секако, и неколку ученици придонесоа со својот ентузијазам и уметнички вештини кон проектот!




...Не заборавајте да не следите на нашиот вебсајт и на Фејсбук , за да дознаете повеќе за тековните активности и напредокот - ќе биде доста активно и возбудливо!

*Проектот е поддржан од Европската Комисија. Овој билтен ги изразува само гледиштата на авторите, и Комисијата не е одговорна за било каква употреба на информациите содржани во овој билтен.*